СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08- 2306/2

29.09.2023 година

К и ч е в о

**З А П И С Н И К**

Од одржаната 26-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 29.09.2023 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 9 часот и 30 минути

Седницата во 9 часот и 30 минути ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Валбона Адили Емини, Агим Садику, Абдула Сејдини, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јакимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Арѓент Асани, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Рамазан Зулбеари, Фортеса Сејдини, Сибел Туфекџи и Миѓен Зендели.

На седницата беа присутни и Бурим Кадриу, Валдет Селими- претставници од општинската администрација, Анета Настеска-секретар на општината, директорот на ОУ ,,Милто Гура’’ Стрелци и директорот на ОУ ,,Санде Штеријоски’’ Кичево.

**<u>Претседателот на советот</u>** за оваа седница го предложи следниот:

**<u>Д Н Е В Е Н   Р Е Д</u>**

1. Предлог- Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Кичево за 2023 година.

2. Усвојување на Годишни Програми за работа на основните училишта на територијата на Општина Кичево:

-ОУ ,,Санде Штеријоски'' Кичево

-ОУ ,,Милто Гура'' Стрелци

3. Разно

Претседателот го стави на усвојување предложениот дневен ред за денешната седница и истиот се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Кичево за 2023 година.

**Претседателот на комисијата за финансии и буџет**- Информира дека во Среда на 27.09.2023г. имало седница на комисијата на која дошле тројца од членовите. Во истиот термин во просторијата каде до сега се одржувале седниците имало инспекција и неможело таму да се одржи состанок. Истакна дека побарал комисијата да се состане во просториите на Градоначалникот, но присутните членови не се согласиле, туку побарале да се состанат во просториите каде се одржуваат седници на советот. Седницата на комисисјата не се одржала.

**Агим Садику**- Информира дека биле присутни на комисија и побарале таа да се одржи овде, каде и што требало да се држи, но тоа не се усвоило и комисијата не се состанала. Апелира седниците на комисиите да се држат кај што се држат седниците на советот на општината.

**Претседателот на советот** го подржа и истакна дека секогаш комисиите се држеле во простотиите на општината во канцеларијата на Секретарот, а и општинската администрацијата била таму,во случај да им затреба некое образложување  по точките или документи од нивна страна.

**Бурим Кадриу**- Детално ја образложи Одлуката и информира дека се работело за 425.000 денари, имало намалување кај спортските објекти и тоа било потребно за зголемување кај течните горива и изградба на детски паркови за кои било потребно 305.000 денари. Истакна дека во новата општинска зграда капацитетот за течните горива би бил поголем, а и изградбата на парковите била неопходна.

**Агим Садику**- Информира дека за течни горива во новата општинска зграда се барало 120.000 денари но, не знаеле до кога е рокот и кога требало да се пушти во употреба. Истакна дека во моментот за тоа немало потреба, а немало потреба ни за парковите, бидејќи имало Програма за тоа. Средставтаа можеле да се пренаменат на друго место, каде за тоа имало потреба да биде продуктивно, а паркови неможеле да се изградат за 3 месеци. Затоа, не се усвоило и минатиот пат. Требало да се планира за буџетот за 2024 г. и да се реализира. Усвоена била Програма со 20 паркови. Никој од советниците не бил против парковите.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека на 19 Седница била донесена Програмата и се одредиле локациите и едногласно била донесена со промена на локациите (приоритетни локации). Праша зошто до сега не биле изградени парковите и кој си дозволил да ги менува локациите спротивно од донесената Одлука. Истакна дека никој не бил против парковите, но постапката, времето и начинот за тоа не бил добар. Побара како Совет, тие да ги набљудуваат роковите и изградбата на парковите.

**Бурим Кадриу**- Информира дека кога била донесена Програмата за поставување на урбана опрема немало одредени приоритети во неа. Биле наброени само парковите и локациите, а не и приоритетите. Истакна дека за нив имало проекти и затоа биле избрани. Првиот проект бил со 10 паркови и општината ги одредила. Вредноста на парковите била 16 милиони денари, а

во Буџетот имало средства од 3 милиони денари, поради тоа биле избрани тие три локации и тоа:

1.На крајот од улицата ,,Борис Кидрич,, кај мостот, кај болницата.

2.Спроти зградата кај стар ,,Лопушник,, кај кружниот тек.

2. Кај зградата ,,Словенијалес,, , кај магистралата.

За нив имало средства и затоа тие биле избрани.

**Лазе Јаќимоски**-Информира дека на 19-та Седница присуствувал и Беким од Секторот за урбанизам, тоа стоело и во Записникот, дека била донесена Одлука за приоритет.

**Бурим Кадриу**- Информира дека во Програмата нигде не пишувало приоритет, туку само биле наброени.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека во записникот стоело дека е даден приоритет на парк кај ,,Ламелите,, кој бил предлог на Советникот Игор.

**Бурим Кадриу**- Информира дека само за тој проект биле потребни три милони и четиристотини илјади денари.

**Лазе Јаќимоски**-Праша зошто едно носеле, а друго правеле.

**Игор Стојаноски**- Информира дека на предходната седница за тоа гласал воздржан и истакна дека, општината не требало да се прилагодува спрема фирмите. Информира дека сите советници се интелегентни и свесни дека неможело да се изградат 20 паркови. Ги повика сите да дадат подршка на Одлуката, да не бидат кочничари, да се изградат парковите и во градот да почнело да има нешто позитивно. Во следниот Буџет ќе побарал да се изгради само паркот во ,,Ламели. Побара веднаш да се почнело со изградбата и ако се изгласало, а не се изградело, тогаш советниците да се прашале колку биле почитувани и да размислат за носењето на Буџетот и на други ,,тешки,, Одлуки.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека се согласува со Игор, дека сите имале достоинство. Предходниот пат биле воздржани, а сега ќе бидат ЗА, ќе подржат да се изградат парковите.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог- Одлуката за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Кичево за 2023 година и истата се усвои со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 2 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Усвојување на Годишни Програми за работа на основните училишта на територијата на Општина Кичево:

-ОУ ,,Санде Штеријоски'' Кичево

-ОУ ,,Милто Гура'' Стрелци

**Директорот на ОУ ,,Санде Штеријоски" Кичево**- Информира дека е благодарен што не се усвоила Програмата минатата седница, бидејќи забелешките биле на место и ги корегирале.

**Абдула Сејдини**- Го поздрави новиот Директор и информира дека и тој бил еден од членовите кои реагирале за Програмата која имала пропусти и недостатоци. Дадено било временски период да се корегира технички Програмата. Ист случај било и со ОУ,,Милто Гура,,. Истакна дека Училишниот одбор во училиштето требало тоа да го направи во јули.

**Пртетседателот на советот** информира дека иако била изменета Програмата, таа не била усвоена од Училишниот одбор.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека Училишниот одбор само ја разгледува Програмата, а не ја усвојува.

**Агим Садику**- Информира дека програмата е корегирана и сега требало да се подржи, а со тоа да се подржи и директорот, бидејќи бил нов.

**Абдула Сејдини**- Даде реплика до Агим и Валентина и информира дека во членот 108 од Законот за основно образование стоело дека Училишниот

одбор усвојува Статут и Програми. Па, бидејќи се работело за Програма тоа било така. Незнаел дали во Програмата било се корегирано, бидејќи имало повторно грешки во неа и таа не била усвоена од Училишниот одбор. Тоа било проблем и за двајцата директори, затоа што тоа биле главни, а не технички грешки. Во Програмата фигурирале членови на Училишниот одбор и членови на Совет на родители на кои им бил истечен мандатот.

**Абдула Сејдини**- Информира дека има Комисија за образование и ако било потребно и таму да се усвојат Програмите.

**Валентина Лазаревска**– Информира дека тие не се усвојувале во образование.

**Агим Садику**- Предложи да се усвојат Програмите, бидејќи се преземени мерки и тие се корегирани, да има толеранција за тоа кај советниците.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека Програмата ја предлага Училишниот одбор и ја доставува до Советот на усвојување. Истакна дека рокот на усвојување бил до 31 Август и сега автоматски се сметало дека била донесена, бидејќи рокот бил поминат. Постоечките грешки во програмата, ќе се изменеле следната година. Програмата требало да се усвои од страна на Советот и да се испрати до Бирото за развој на образованието и Државниот Просветен инспекторат. Потребно било, таа да се изработи според дадениот терк, а во Јули се изготвувал Извештај за тоа колку е реализирано од неа.

**Абдула Сејдини**- Информира дека не се согласува со тоа и праша зошто навреме не била доставена Програмата до нив и дали кога ќе бил доставен Извештајот ќе бил за истата таа Програма која имала уште грешки, а тие ќе требало да гласаат за него. Побара да биде повлечена и истата да биде гласана од новите членови на Одборот.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека ако биле доследни, тогаш требало да се вратат сите Програми. Според Законот за Основно образование, Основните училишта требало да ги достават Програмите до 15 Август, а до 31 Август да се усвојат од страна на Советот. Но веќе две години се доставувале

во Септември, тие ги гласале и за тоа биле виновни. Ако не биле донесени од страна на Советот до 31 Август, автоматски се сметало дека биле донесени, а не дека се усвоени од Советот. Тоа важело за сите основни училишта.

**Валдет Селими**- Информира дека требало да им се каже на Директорите на училиштата навремено да ги доставуваат до Општината, а не да доцнат.

**Абдула Сејдини-** Информира дека е потребно да се заземе став, ако Програмите не биле доставени до 15 Август, ако доцнат, да не се усвојуваат од страна на Советот. Побара од страна на Секретарот на општината да одговори дали треба да има Помошен Директор или не во ОУ ,, Милто Гура" според Законот за Основно Образование, во кое наставата се одвива во две подрачни училишта, а не во три како до сега.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека, ако се барало автентично толкување на законот, тогаш кое училиште до сега побарало од Советот, согласно Законот и Деловникот, намалување на паралелките. Праша дали знаеле колку луѓе требало да си заминат дома, ако Законот буквалоно се почитувал.

**Михајло Данилоски**- Информира дека тоа било исто како и во Министерството за образование од каде уште немало учебници за учениците, немало програми итн. Така било сегде каде имало кадри од ДУИ.

**Секретарот на општината**- Информира дека ќе одговори лично, доколку неработело некое подрачно училиште, тоа не значело дека истото е укунато.

**Абдула Сејдини**- Информира дека во ОУ,,Милто Гурта" биле две училишта. За да имало Помошен Директор според Законот за образование потребно било да има на 36 паралелки или над 3 објекти во училиштето. Во ОУ,, Милто Гура,, имало 27 паралелки. Побара да се повлече Програмата, бидејќи во неа фигурирал член во Училишниот одбор кој бил ЗА Програмата, а му бил истечен мандатот.

**Претседателот на советот** –Информира дека пропусти имало и во Програмите и во роковите и треба да им се каже на училиштата  дека ќе се преземат мерки ако не ги почитуваат роковите.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предлогот на Абдула да се повлечат Програмите и истиот не се усвои со 2 гласа ЗА.ПРОТИВ (нема). 20 гласа  ВОЗДРЖАНИ.

Потоа, **Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за работа на основното училиште  ОУ ,,Санде Штеријоски'' Кичево и истата се усвои со 20 гласа ЗА.  1 глас ПРОТИВ. 2 гласа ВОЗДЖАНИ .

**Директорот на ОУ,,Милто Гура"-Стрелци** -Информира дека ги прифатиле забелешките од Советот, направиле корекција на Програмата и повторно ја доставиле до Советот на усвојување.

**Абдула Сејдини**- Се заблагодари за направената корекција во Програмата  за во с. Црвевци и праша кои се членови на Училишниот Одбор во ОУ,,Милто Гура".

**Директиорот** ги прочита членовите на Училишниот одбор.

**Абдула Сејдини**- Информира дека членот Бурим Чупа бил предложен од Совет на родители, тој требало да биде предложен од класот во кој учи неговото дете. Праша како е избран тој,  кога неговото дете завршило со учење во 2021-22 год. во ОУ,,Милто Гура".

**Директорот на ОУ,,Милто Гура"- Стрелци** – Информира дека ученикот на Бурим завршил лани, а учебната година  завршила на 31 Август. Програмата била усвоена на 14 Август во Училишниот одбор. Истакна дека во следните избори за Училишниот одбор тој немало да биде член.

**Абдула Сејдини**- Даде контра реплика, истакнувајќи дека не се согласува со тоа за техничките пропусти во времето во кое е усвоена. Во член 127 од Законот за Основно образование  стоело дека во Советот на родители имало по еден преставник од секоја паралелка кои се бирале на родителски средби што се одржувале во Септември. Училиштето имало 27 паралелки, по

еден член од секоја паралелка, требало да има 27 члена, а тие имале 9 члена во Училишниот одбор и не било тоа техничка грешка што не биле избрани плус членови.

**Директорот на ОУ,,Милто Гура"-Стрелци** Информира дека во програмата не стоеле 27 родители-члена, бидејќи родителските средби се одржувале во септември и се бира Совет на родители. Истакна дека имало 9 члена и тоа по 3 члена од трите училишта и дека тие 27 родители ги бирале деветте члена.

**Абдула Сејдини**- Информира дека не само Советот на родители има 27 члена, туку толку требало да има и Училишниот Одбор според бројот на паралелките. За изборот на Заменик Директор побара одговор и од Директорот.

**Директорот на ОУ,,Милто Гура**"-**Стрелци**- Информира дека уште од 2019 г. нивното училиште немало Заменик Директор, туку имало Помошен Директор кој му помагал на Директорот и тој бил наставник. Така стоело во Законот ако немало услови за Заменик Директор, Директорот назначувал Помошен Директор од наставниците.

**Абдула Сејдини**- Информира дека во Законот стоело дека за тоа е потребно да има над 3 објекти и над 36 паралелки, но вие сте одределе Помошен Директор. Така било наведено во Програмата. Не било напишано дека бил наставник помошник. Праша зошто бил предвиден во Програмата.

**Директорот на ОУ,,Милто Гура"-Стрелци**- Информира дека во член 2 стоело зошто бил именуван.

**Абдула Сејдини**- Информира дека во Програмата бил одреден како Помошен Директор и праша дали тој држи настава.

**Директорот на ОУ,,Милто Гура**"-**Стрелци**- Информира дека тој држел настава според потребите.

**Абдула Сејдини**- Информира дека тој не држел настава и не можел да биде Помошник Директор. Се работело за член 5, а не за член 2, затоа го прашал и Секретарот.

**Претседателот на советот** - Информира дека Секретарот не бил подготвен за прашања, затоа ќе одговорел писмено.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за работа на основното училиште ОУ ,,Милто Гура''- Стрелци и истата се усвои со 11 гласа ЗА. 1 глас ПРОТИВ. 8 гласа ВОЗДЖАНИ .

**3.ТРЕТА ТОЧКА**: Разно

**Валентина Лазаревска**- Информира дека во врска со патот во с. Патеец, за кое имало Барање пред некоја седница, за одводните цевки, жителите барале писмен одговор, за тоа дали е позитивно или негативно одговорено.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен Дневниот ред за оваа седница, Претседателот на Советот на Општина Кичево ја затвори Седницата на Советот во 11 часот и 30 минути.

Записничари

-Ленче Србиноска

-Елисавета Милеска

Советна Општина Кичево

Претседател

Скендер Џабири